# ИНТЕРНЕТ

**Интернет** е глобална компјутерска мрежа од меѓусебно поврзани компјутерски мрежи низ целиот свет, со која се овозможува брза размена на податоци преку постоечките телефонски и сателитски линии.
Мрежата што послужила како основа за развој на Интернетот била позната како АРПАНет која е родена кон крајот на 1960-те години, во рамките на истражувањата на американската армија. Таа сакала да изгради мрежа на телекомуникации што би функционирала и во случај на војна.

Така бил замислен еден систем кој меѓусебно ги поврзува компјутерите преку повеќе различни патишта; доколку еден дел од мрежата би бил уништен информациите би стигнувале до одредникот преку друг пат. Во 1970-те години, родени се други информативни мрежи, како Транспак во Франција.
Но, требало да се чека на измислувањето на еден заеднички „јазик“, TCP/IP, за да се поврзат помеѓу себе сите мрежи. Тоа овозможило основање на светска компјутерска мрежа, Интернет. Оваа мрежа е составена од повеќекатни информативни мрежи, поради што понекогаш ја викаат „мрежа на мрежите“.
Интернет бил прво користен од универзитетите за размена на информациите, потоа од широката публика во почетокот на 1990-те години, особено благодарение на Веб, еден систем кој овозможува лесно поместување во мрежата.
Денес Интернет поврзува над 300 милиони компјутери од речиси сите држави во светот, а се смета дека во секој момент услугите на Интернет ги користат над сто милиони луѓе.